Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 9 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 март 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Светлана Кузмановска и Оливера Нечовска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествува и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски, од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше членот на Владата м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 47-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 февруари 2021 година**

- **Усвојување на Записникот од 48-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2021 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Агенда: Европа дома

- Информација за известување на Владата на Република Северна Македонија за опремување на лесна пешадиска баталјонска група (ЛПБГ) и два тима на специјални сили на Армијата на Република Северна Македонија

- Степен на реализација на капиталните инвестиции

1. Записник од Дваесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 8 март 2021 година, со Предлог-одлука

2. Записник од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 5 март 2021 година, со Записник од прва седница на Група за процена, одржана на 3.03.2021 година и Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија Предлагач: Управувачки комитет за координација и управување во системот за управување со кризи

3. Предлог-одлука за давање согласност за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПВ Лисиче-Велес за 2021 година

4. Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година на АД МИА-Скопје

5. Информација за Правилник за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти, со Предлог-одлука

6. Информација врз основа на добиено известување од страна на Министерство за транспорт и врски, а во врска со проблеми кои произлегуваат од Закон за автокампови

7. Информација за продолжување на постапката за основање на туристичко развојна зона Сарај – Езеро Треска, со Предлог-одлука

8. Информација за реализација на проектот Реконструкција на спортски терен во село Чегране, Гостивар

9. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2020 година, како и за степенот на реализација на заклучоците на Владата донесени по точка 12 на Тринаесетата седница одржана на 3 март 2020 година

10. Акциски план за формирање на задолжителни резерви

11. Информација за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Магна Мирорс Саут-Ист Јуроп ДООЕЛ Струга, со Предлог-одлука

12. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија – Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, промет и услуги Меотек ДООЕЛ Тетово заведен кај закуподавачот под бр.09-1121/1 од 1.10.2020 година

13. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Нацрт – одлука за основање на Индустриска зона „Битола“

14. Предлог-решение за именување на раководител, заменик раководител, секретар и членови на Координативното тело за интелектуална сопственост

15. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Свети Николе (село Долно Ѓуѓинци)

16. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Свети Николе (село Сопот)

17. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Свети Николе (село Мустафино)

18. Информација во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижна ствар, на Општина Чашка без надоместок во КО Горно Јаболчиште за која во Катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

19. Информација во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижна ствар, на Општина Чашка без надоместок во КО Долно Јаболчиште за која во катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

20. Предлог-одлуки за давање на согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 26 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и Предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност (3)

21. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 4029 м.в Манакија КО Берово ДП 03-174/20)

22. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на Затворската полиција за 2021 година

23. Извештај за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2020 година

24. Барање за дислокација и отуѓување на ствари кои се наоѓаат во погоните на ДППУ Препород ДООЕЛ Скопје

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка

26. Предлог-програма за финансирање на микро земјоделски производители на вино

27. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година

28. Информација за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија со Предлог-одлука за поништување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга

29. Информација за површините од ловиштата кои се преклопуваат со дефинираните граници и површина на Армискиот полигон Криволак

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска докуметација за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка идустрија КО Демир Капија, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Бистренци, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука (40-8843/1)

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура фотоволтаична централа КО Бистренци, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука

33. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лидија Јанкова, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука (39-2734/1)

34. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДООЕЛ, Кавадарци со Предлог-одлука 2 (39-2526)

35. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лидија Јанкова, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука

36. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДООЕЛ, Кавадарци со Предлог-одлука 1 (39-2229)

37. Информација за изнаоѓање на решение за Ски центарот „Попова Шапка"

38. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лимак – Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

39. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сити Парк – Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

40. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Континентал, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

41. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Портал, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

42. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Аристократ Фиш Ресторан, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

43. Информација во врска со Барањето на концесионерот Е.К.О Енергетика ДООЕЛ Битола за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вирово

44. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидроген Енерџи Груп ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17

45. Информација во врска со Барањето за изнаоѓање на посоодветен и усогласен начин за пресметување на надоместокот за користење на вода за одгледување на риби

46. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Аеродром

47. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на Друштвото за градежништво, услуги и трговија Актив Констракшн ДОО Скопје на локалитетот „Пара Нива“, Општина Велес

48. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Еурогејмс“ експорт-импорт ДООЕЛ Охрид

49. Предлог-деловник за изменување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија

50. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата

51. Информацијa за потребата од изготвување нова Стратегија на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акционен план за нејзино спроведување

52. Информација за степенот на реализација на втората етапа на вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 „Жени, мир и безбедност" на Советот за безбедност на Обединетите нации (2020-2025) - стратегиска рамка

53. Информација за повеќегодишна набавка на услуги за колокација на информатичка опрема

54. Информација за потребата од обезбедување просторни услови на Државниот инспекторат за локална самоуправа

55. Информација за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 18 март 2021 година, преку видео конференција

56. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реновирање и адаптација на објектот на адреса „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000 Brasilia“, доделен на Република Северна Македонија од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ

57. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за статичка санација, реконструкција и надградба на објектот во Будимпешта на адреса: ул. Балогвар бр. 9, во сопственост на Република Северна Македонија, кој не се користи за потреби на Амбасада од неговото купување во 2007 година

58. Информација за работата на Меѓуресорското тело за човекови права и неговата експертска работна група, со предлог текст на Извештај

59. Информација за програмата на Португалското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

60. Предлог-одлука за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Чикаго

61. Предлог-одлуки за престанок и давање на трајно користење движни ствари на Воспитно поправниот дом Тетово (разно)

62. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (Министерство за одбрана)

63. Предлог-решение за именување на раководител, заменик раководител, членови и заменици членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија

64. Барање на Ахмет Кесер, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

65. Барање на Теодор Атанасов, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

66. Барање на Бесник Река и Илирјана Река, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

67. Информација во врска со потребата за давање на правото на трајно користење на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за здравство, за реализација на проектот „Изградба на Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост" во рамки на објектот на ЈЗУ Здравствен дом Кавадарци

68. Информација за исполнетост на условите на Друштво за одгледување, производство, трговија и услуги МКК ДООЕЛ увоз-извоз Кривогаштани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

69. Информација за склучување на Колективен договор за високо образование и наука, со текст на Колективен договор за високо образование и наука

70. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за образование и наука)

71. Предлог-одлука за доделување на средства на ДСД „Томе Стефановски Сениќ" Скопје

72. Предлог-одлука за доделување на средства на ДСД „Скопје" Скопје

73. Предлог-одлука за доделување на средства на ДСД „Пелагонија“ Скопје

74. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на град Скопје „Здравко Цветковски “ Скопје

75. Предлог-одлука за доделување на средства на ДСД„Никола Карев“ Охрид

76. Предлог-одлука за доделување на средства на ученичкиот дом при РЦСОО „Ванчо Питошески“ Охрид

77. Предлог-одлука за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски “ Велес

78. Предлог-одлука за доделување на средства на ДСД „Браќа Миладиновци“ Штип

79. Предлог-одлука за доделување на средства за СД „Народен Херој Орде Чопела“ Прилеп

80. Предлог-одлука за доделување на средства на ДСД „Кочо Рацин“ Битола

81. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола

82. Предлог-одлука за доделување на средства Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов “ Струмица

83. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклински“ Кратово

84. Предлог-одлука за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ “ Куманово

85. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка (арх.бр: 08-831/1), поднесен од група пратеници

86. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

87. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

88. Покана за учество на подготвителна седница на Уставниот суд на Република Северна Македонија

89. Иницијатива поднесена од адвокатското друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.322/2020 за оценување на уставноста на член 61 став 2 од Законот за

денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1998, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015)

90. Иницијатива поднесена од претседателот на Независна угостителска комора, Здравко Јосифовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.320/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразни болести КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.44-8118/6 од 15.12.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.298/2020)

91. Иницијатива поднесена од Миле Бундовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на: одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/2020); Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на РСМ“ бр.263/2020, бр.44-8118/1 од 03.11.2020 во целина, а особено членот 13 и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на РСМ“ бр.298/2020, бр.44-8118/6 од 15.12.2020 во целина, а особено членот 2 од истата

92. Иницијатива поднесена од адвокат Никола Источки од Ресен, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 69 став 4 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019)

93. Иницијатива поднесена од Борко Симоски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.293/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за утврдување на висината на посебниот додаток на офицерите со генералски чинови заради вршење на стручни работи за организирање, подготвување и командување со Армијата, донесен од министерот за одбрана, бр.01-1155/1 од 15.02.2012 година

94. Иницијатива поднесена од политичката партија Левица од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.314/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 1, 2 и 3 од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, бр.44-8017/1, донесен од Владата на Република

Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/2020).

95. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.22/2019 од 21 јануари 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 96 став 3 точка 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2015, 39/2016 и 83/2018).

96. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63 за КО Коњско на КП бр.87 м.в Село со површина од 7771 М2

97. Известување од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр. 742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка

98. Кадровски прашања

99. Прашања и предлози

100. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Национални шуми, за период октомври - декември 2020 година

101. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јануари 2021 година

102. Извештај за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари до 31 декември 2020 година

103. Информација во врска со извештајот од одржаниот Осумнаесетти состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 17-ти декември 2020 година во Тиват, Црна Гора

104. Информација за Преглед на статусот на имплементацијата на Глобалниот договор за миграции (ГКМ) во Република Северна Македонија

105. Предлог на листа за дополнување на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти

106. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерство за образование и наука

107. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предмет пред Европскиот суд за човекови права Атанасов А. бр. 11331/18 против Северна Македонија

108. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика

109. Информација за состојбата со аерозагадувањето и потребата од продолжување на процесот на замена на нееколошки горива во јавните објекти во Република Северна Македонија

110. Информација за потребата од реструктуирање на Проектот за итно справување со КОВИД-19 во Република Северна Македонија

111. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО операцијата „КФОР" во Република Косово

112. Информација за површините од ловиштата и површините од шума и шумско земјиште кои се преклопуваат со дефинираните граници на Армискиот полигон Криволак

113. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (Министерство за одбрана)

*

*　　*

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 47-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 февруари 2021 година и Записникот од 48-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 февруари 2021 година

*

*　　*

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Агенда: Европа дома**

Владата ја разгледа Агендата Европа дома и ја утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски веднаш да номинираат одговорно лице од своите институции кое ќе известува за статусот и да го информираат Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да доставуваат статус на реализација на мерките до Секретаријатот за европски прашања, секој петок до крајот на работното време, почнувајќи од 12.3.2021 година

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготвува неделен пресек за статусот на спроведување на мерките, за кој заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања ќе ја информира Владата на секоја седница во делот Пред преминување на Дневниот ред „Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија“, почнувајќи од 16.3.2021 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготвува детални извештаи за спроведувањето на мерките со пресек до мај, септември и декември 2021 година и истите да ги доставува до Владата за информирање.

Министерот за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, го поздрави подготвувањето на документот Агенда Европа дома со следниве укажувања:

1) Да се преиспита потребата од функционирање на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Националниот

координативен центар за гранично управување, со оглед на заложбите за реформа на администрацијата, преклопување на нивните надлежности и потребата од поголеми финансиски средства за нивно функционирање.

2) Во делот Управување со јавни финансии, во Активност: Подобрена примена на законодавството за јавни набавки, наместо да биде Подготовка на прирачник за стандардни технички спецификации за стоки, да стои изработка на стандардни технички спецификации за стоки, согласно усвоениот Акциски план за борба против корупцијата.

3) Во делот Реформа на јавна администрација, во Активност: Целосно почитување на начелата на јавна администрација (транспарентност, заслуги и правична застапеност) во однос на управување со човечки ресурси, да се потенцира дека се работи за професионални заслуги, а не заслуги од некој друг тип.

Истовремено, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања укажа на потребата до крајот на неделата да се одржи тематска седница на Владата во врска со разгледување на проекти од ИПА 3.

- **Информација за известување на Владата на Република Северна Македонија за опремување на лесна пешадиска баталјонска група (ЛПБГ) и два тима на специјални сили на Армијата на Република Северна Македонија**

Владата ја разгледа Информацијата за известување на Владата на Република Северна Македонија за опремување на лесна пешадиска баталјонска група (ЛПБГ) и два тима на специјални сили на Армијата на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана секоја година да доставува информации за статусот на горенаведените проекти за опремување и модернизација на ЛПБГ и двата тима на специјални сили, како и отпочнување на други проекти со цел исполнување на прифатените цели на способности.

- **Степен на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Дваесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 8 март 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Дваесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 8 март 2021 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести во врска со потребата од воведување на забрана и посебен режим на движење на граѓаните на целата територија на Република Северна Македонија, во временски период од 22.00 часот, до 5.00 часот наредниот ден, почнувајќи од 10 март 2021 година (среда) до 22 март 2021 година (понеделник).

3. По однос на заклучокот под реден број 2, Министерството за информатичко општество и администрација да ја информира јавноста дека претходно издадените дозволи за движење за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, издадени преку порталот uslugi.gov.mk за економските оператори кои обавуваат дејност со сменско работење, ќе продолжат да важат.

4. Економските оператори да го користат Образецот за издавање на дозволи за движење за време на забраната и посебниот режим на движење што беше користен за време на вонредната состојба, за потребите на своите вработени и за истото да го известуваат Државниот инспекторат за труд и Министерството за внатрешни работи.

5. Движењето за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија за транспортните компании кои вршат превоз на патници и стока во домашен и меѓународен патен превоз ќе биде дозволено доколку за возилата е издаден патен налог за превоз од работодавачот.

6. Движењето за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија за патниците кои слетуваат и полетуваат од аеродромите во Република Северна Македонија или користат меѓународен патен превоз ќе биде дозволено доколку истите приложат авионски билет/билет за реализација на патувањето (од домот / престојувалиште до аеродромот/ автобуската станица и обратно).

7. На сите патници по слетувањето во државата, да им биде одобрено движење од аеродромите, врз основа на приложена патна исправа со печат за влез во Република Северна Македонија и авионска карта во електронска форма или печатена форма, додека се движат кон своето престојувалиште или живеалиште во

Република Северна Македонија или надвор од Република Северна Македонија при преминување на граничните премини кон соседните држави.

8. На сите патници во заминување од аеродромите, да им биде овозможено движење, врз основа на приложена авионска карта во електронска форма или печатена форма, од своето престојувалиште или живеалиште во Република Северна Македонија или надвор од Република Северна Македонија при преминување на граничните премини од соседните држави.

9. На сите летачки екипажи во слетување и полетување врз основа на авиокомпаниска идентификациона картичка и генерална декларација (согласно Уредбата за олеснување) да им биде одобрено движење од/до своето живеалиште или престојувалиште, како и на економскиот оператор кој го врши превозот.

10.Доколку има потреба од нови дозволи за движење за вработените во јавниот сектор, истите ќе бидат издавани преку порталот uslugi.gov.mk.

11. Исклучок од забрана и посебен режим на движење на граѓаните на целата територија на Република Северна Македонија е движењето за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици и Царинската управа.

Исто така, домашни и странски физички лица смеат да се движат само во итни случаи заради здравствени причини до здравствени установи, исклучиво по претходна најава во Министерството за внатрешни работи, на телефонскиот број 192.

12.Се задолжува Министерството за здравство веднаш да подготви план за работа и организација на аптеките во градови за времетраење на забраната.

13.Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести во врска со воведување задолжителна 14 дневна самоизолација (карантин), за сите домашни и странски физички лица кои пристигнуваат во Република Северна Македонија, а кои престојувале/патувале од земја од Африканскиот континент, со цел спречување на внесување и ширење на јужноафриканскиот сој на SARS-COV-2, со пополнување и потпишување Изјава за самоизолација, а за сите видови групни или индивидуални патувања, патниците од земјите од Африканскиот континент кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање.

14. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги разгледаат можностите за определување на објект во функција

на „државен карантин" за сместување на лица странски државјани за кои ќе се утврди дека се позитивни на КОВИД-19 и да достават предлог до Владата.

15. Се задолжува Државниот санитарен и здравствен инспекторат да издава решенија за изолација и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо (албански), за граѓаните од албанската етничка заедница.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата го разгледа Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 5 март 2021 година, со Записник од прва седница на Група за процена, одржана на 3 март 2021 година и Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Осмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 5 март 2021 година.

2. Ја утврди Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 30 септември 2021 година) и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и доц. д-р

Венко Филипче, министер за здравство, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-правилник за изменување на Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за општите барања за безбедност на храната во однос на максималните нивоа на одделни контаминенти, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата врз основа на добиено Мислење од страна на Министерството за транспорт и врски, а во врска со проблеми кои произлегуваат од Законот за автокампови и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:
- Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од 15 дена да формира работна група за разгледување на потребата од изменување и дополнување на Законот за автокампови, со претставници од Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продолжување на постапката за основање на Туристичка развојна зона „Сарај – Езеро Треска“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за

основање на Туристичка развојна зона „Сарај-Езеро Треска“, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот - Реконструкција на спортски терен во с. Чегране, Гостивар и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на спортски терен во с. Чегране, Гостивар.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 7.000.000,00 денари во буџетот за 2021 година, за реализација на проектот - Реконструкција на спортски терен во с. Чегране, Гостивар.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2020 година, како и за степенот на реализација на заклучоците на Владата донесени по точка 12 на Тринаесеттата седница одржана на 3-ти март 2020 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда во рок од три дена Информацијата на Царинската управа да ја достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за правда да му препорача на Судскиот совет на Република Северна Македонија во рок од 30 дена да достави информација за причините поради кои Управниот суд сеуште не ги огласил за правосилни пресудите наведени во Табеларниот преглед број 1 на Царинската управа, како и за преземените активности од страна на Управниот суд за надминување на оваа состојба.

3. Се задолжува Министерството за правда да му препорача на Судскиот совет на Република Северна Македонија во рок од 30 дена да достави информација за мерките и активностите кои Управниот суд и Вишиот управен суд ќе ги преземат во насока на разрешување на состојбата со предметните стоки од прекршочните предмети кои се опфатени со табеларните прегледи број 2 и 3 на Царинската управа, имајќи го предвид заклучокот на Врховниот суд донесен на општата седница одржана на 14.12.2015 година.

## Точка 10

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Акцискиот план за формирање на задолжителни резерви, поради потребата предлагачот да го усогласи истиот со укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии и усогласениот материјал да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Магна мирорс саут-ист јуроп ДООЕЛ Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Магна мирорс саут-ист јуроп ДООЕЛ Струга - корисник на Технолошка индустриска развојна зона Струга, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 12

Владата ги донесе:

- Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст и

- Одлуката за давање на согласност на Анекс Договорот бр. 1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија–Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, промет и услуги Меотек ДООЕЛ Тетово заведен кај закуподавачот под бр. 09-1121/1 од 1.10.2020 година, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука за основање на Индустриска зона „Битола“, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за основање на Индустриска зона „Битола“, во предложениот текст.

Истовремено, се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по добивање на конкретни информации за потребите на инвеститорот за инфраструктурни објекти да достави информација до Владата на Република Северна Македонија со податоци за истите и фискалните импликации.

Исто така да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 14</u>**

Владата го донесе Решението за именување на раководител, заменик раководител, секретар и членови на Координативното тело за интелектуална сопственост, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот треба да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 15</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Свети Николе, во предложениот текст.

**<u>Точка 16</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Свети Николе, во предложениот текст.

**<u>Точка 17</u>**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Свети Николе (најнов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 18</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижна ствар, на Општина Чашка без надоместок во КО Горно Јаболчиште за која во Катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Чашка, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижна ствар на Општина Чашка без надоместок во КО Долно Јаболчиште за која во Катастарот на недвижности е запишано право на сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Чашка, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 20**

Владата ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Општа болница „Борка Талески "Прилеп, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Музеј на Град Скопје, во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (09-712/2), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (09-705/2), во предложениот текст.

6. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ „Уметничка галерија –Тетово" Тетово (09-714/2), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (09-710/2), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (09-691/2), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (09-687/2), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците (09-708/2), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за квалитет во високото образование (09-709/2), во предложениот текст.

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крива Паланка (09-703/2), во предложениот текст.

13. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О.-Скопје (09-702/2), во предложениот текст.

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О.-Скопје (09-697/2), во предложениот текст.

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О.-Скопје (09-689/2), во предложениот текст.

16. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за финансии -Управа за јавни приходи (09-696/2), во предложениот текст.

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен ученички дом „Мирка Гинова“ - Битола (09-693/2), во предложениот текст.

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ „Национална галерија на Република Северна Македонија“ - Скопје (09-707/2), во предложениот текст.

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (09-706/2), во предложениот текст.

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Град Скопје (09-704/2), во предложениот текст.

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Маврово и Ростуше (09-701/2), во предложениот текст.

22. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за управување со одземен имот (09-700/2), во предложениот текст.

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Ресен (09-699/2), во предложениот текст.

24. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Велес (09-698/2), во предложениот текст.

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии-Управа за јавни приходи (09-695/2), во предложениот текст.

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии-Управа за јавни приходи (09-694/2), во предложениот текст.

27. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (09-692/2), во предложениот текст.

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Охрид (09-690/2) во предложениот текст.

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Чешиново-Облешево (09-688/2), во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на Затворската полиција за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 23

Владата го усвои новиот текст на Извештајот за работата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2020 година.

## Точка 24

Владата го разгледа Барањето за дислокација и отуѓување на ствари кои се наоѓаат во погоните на ДППУ Препород ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки (нов текст), го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (делови), во предложениот текст и Одлуката за продажба на движни ствари (предмети), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 25

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Ардиан Џеладини, државен советник во Министерството за финансии.

## Точка 26

Владата, на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Предлог-програмата за финансирање на микро земјоделски производители на вино.

## Точка 27

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија со Предлог-одлука за поништување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Не ја донесе Одлуката за поништување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга.

2. Се задолжува Комисијата за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија, формирана со Решение бр.44-10190/1 од 17 ноември 2020 година на Владата на Република Северна Македонија да ја продолжи постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга, започната со Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Свети Николе, Македонски брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово Делчево и Струга донесена од Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 225/20 од 19 септември 2020 година) и по спроведена електронска аукција на која ќе бидат поканети сите понудувачи од листата на прифатливи понудувачи која Комисијата ја утврдила на седница, одржана на 24.1.2021 година, до Владата на Република Северна Македонија да достави предлог за избор на најповолни понудувачи.

**Точка 29**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за површините од ловиштата кои се преклопуваат со дефинираните граници и површина на Армискиот полигон Криволак, со оглед дека истата е надмината со Точка 112: Информација за површините од ловиштата и површините од шума и шумско земјиште кои се преклопуваат со дефинираните граници на Армискиот полигон Криволак (Министерство за одбрана), од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 март 2021 година.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Демир Капија, Општина Демир Капија, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за

изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Демир Капија, Општина Демир Капија, во предложениот текст.

**<u>Точка 31</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Бистренци, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука (40 – 1759/1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Бистренци, Општина Демир Капија, во предложениот текст.

**<u>Точка 32</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура фотоволтаична централа КО Бистренци, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура фотоволтаична централа КО Бистренци, Општина Демир Капија, во предложениот текст.

**<u>Точка 33</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лидија Јанкова, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**<u>Точка 34</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДООЕЛ, Кавадарци со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за

давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Лидија Јанкова, с.Тимјаник, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДООЕЛ, Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, со заклучок, текстот на Одлуката да се корегира согласно Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за изнаоѓање на решение за Ски центарот „Попова Шапка", ја усвои Информацијата и заклучи да започнат процедурите за раздвојување на ЕЛЕМ ТУРС од Електрани на Северна Македонија за да функционира како самостоен субјект во рамките на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лимак – Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Лимак - Скопје со седиште на ул. Јордан Мијалков бр. 31 Скопје за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сити Парк – Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Сити Парк со седиште на ул.Ѓуро Ѓаковиќ бр.78А Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Континентал, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Континентал, со седиште на Бул. Александар Македонски бб Скопје, за хотел од втора категорија со четири ѕвезди супериор), во предложениот текст.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Портал, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Портал, ул. Скупи бр.27 Скопје, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Хотел Аристократ Фиш Ресторан, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од трета категорија со три ѕвезди), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.
Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Е.К.О Енергетика ДООЕЛ Битола за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вирово и условно ја усвои, доколку предлагачот, имајќи го предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, направи корекција на рокот за склучување на Анексот, со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична

енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вирово бр. 11-690/1 од 25.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 17.5.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Е.К.О Енергетика ДООЕЛ Битола да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 18.7.2022 година.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малите хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17 и условно ја усвои доколку Министерството за економија достави позитивно мислење со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17 заведен под број 11-4342/ 1 од 7.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 31.10.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот најмалку до 30.12.2022 година.

**Точка 45**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со барањето за изнаоѓање на посоодветен и усогласен начин за пресметување на надоместокот за користење на вода за одгледување на риби, за наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Аеродром, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - глина на Друштвото за градежништво, услуги и трговија Актив Констракшн ДОО Скопје на локалитетот „Пара Нива“, Општина Велес, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Еурогејмс“ експорт-импорт ДООЕЛ Охрид, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 50

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изготвување нова Стратегија на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акционен план за нејзино спроведување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за финансии (Управата за јавни приходи; Царинската управа; Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање), во рок од седум дена до Министерството за внатрешни работи да достават номинации на двајца претставници од своите институции кои ќе бидат членови на Работната група за изготвување нова Стратегија на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акционен план за нејзино спроведување.

2. Се задолжува Министерството за правда да им укаже на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Основниот кривичен суд Скопје, во рок од седум дена до Министерството за внатрешни работи да достават номинации на двајца претставници од својата институција кои ќе бидат членови на Работната група за изготвување нова Стратегија на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акционен план за нејзино спроведување.

3. Се укажува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Агенцијата за управување со одземен имот, во рок од седум дена, до Министерството за внатрешни работи да достават номинации на двајца

претставници од своите институции кои ќе бидат членови на Работната група за изготвување нова Стратегија на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акционен план за нејзино спроведување.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да формира Работна група за изготвување нова Стратегија на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акционен план за нејзино спроведување, во рок од пет дена од денот на добивањето на номинациите.

## Точка 52

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за степенот на реализација на втората етапа на вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 „Жени, мир и безбедност“ на Советот за безбедност на Обединетите нации (2020-2025) - стратегиска рамка и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување а се препорачува на Заедницата на единиците на локална самоуправа да ги спроведат активностите согласно временската рамка во оперативните планови за имплементација на вториот НАП за Резолуцијата 1325 (2020 – 2025 ) со краен рок 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да спроведе поединечно со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Заедницата на единиците на локална самоуправа тематски работилници со цел допрецизирање на степенот на мерливост на активностите предвидени во оперативни планови за имплементација, до април 2021 година.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна набавка на услуги за колокација на информатичка опрема, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Даде согласност за започнување на повеќегодишна јавна набавка на услуги во период од пет години за набавката на услуги за колокација на информатичка опрема.

2. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во тековната 2021 и наредните 2022, 2023, 2024, 2025 и 2026 година на Министерството за информатичко општество и администрација, за повеќегодишна набавка на услуги за колокација на информатичка опрема, во вкупна вредност од 28.500.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 3.000.000,00 денари во 2021 година,
- 4.500.000,00 денари во 2022 година,
- 5.500.000,00 денари во 2023 година,
- 5.500.000,00 денари во 2024 година,
- 5.500.000,00 денари во 2025 година,
- 4.500.000,00 денари во 2026 година.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Потребните средства за реализација на набавката во 2021 година се обезбедени во рамките на одобрениот Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година, во рамките на раздел 17001 Министерството за информатичко општество и администрација.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување просторни услови на Државниот инспекторат за локална самоуправа, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да го реализира Заклучокот под реден број 1 на Владата на Република Северна Македонија од Сто четириесет и втората седница, одржана на 4 јули 2019 година, по однос на Точка 35: Информација за потребата од обезбедување просторни услови и кадровско доекипирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа и согласно со ова во рок од 30 дена до Владата да достави

предлог-одлука за давање на користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за локална самоуправа.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 18 март 2021 година, преку видео конференција и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања пред доставувањето на материјалот до Европската Унија да се искоординира со сите надлежни институции, а потоа да го достави пишаниот материјал на англиски јазик по точките согласно агенда за Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 18 март 2021 година, преку видео конференција, до Европската комисија, најдоцна до 12 март 2021 година.

2. Се задолжува ко-претседавачот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 18 март 2021 година, преку видео конференција, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да го определи составот на Делегацијата за учество на Поткомитетот врз основа на доставените номинации, најдоцна до 12 март 2021 година.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за реновирање и адаптација на објектот на адреса „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000 Brasilia“, доделен на Република Северна Македонија од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за превземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за надворешни работи за реновирање и адаптација на објектот во Бразилија на адреса „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000 Brasilia“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и тоа:

- 2021 година – 3.100.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2021 година и
- 2022 година – 18.300.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид истите за соодветните фискални години во буџетот на Министерството за надворешни работи.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел на буџетот на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за статичка санација, реконструкција и надградба на објектот во Будимпешта на адреса: ул. Балогвар бр. 9, во сопственост на Република Северна Македонија, кој не се користи за потреби на Амбасада од неговото купување во 2007 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за надворешни работи за реализација на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за статичка санација, реконструкција и надградба на објектот во Будимпешта на адреса: ул. Балогвар бр. 9, во сопственост на Република Северна Македонија, кој не се користи за потреби на Амбасада од неговото купување во 2007 година и тоа:

- 2021 година – 12.000.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2021 година,
- 2022 година – 31.300.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2022 година и
- 2023 година – 46.300.000 денари од сметка 637-расходи од основен буџет во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги предвиди потребните финансиски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид истите за соодветните фискални години во буџетот на Министерството за надворешни работи.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 58

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за работата на Меѓуресорското тело за човекови права и неговата експертска работна група, со текст на Извештај и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за работата на Меѓуресорското тело за човекови права и неговата експертска работна група.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рок од 30 да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорското тело за човекови права.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за програмата на Португалското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да ги координира подготовките за учество на неформалните министерски состаноци на Европската Унија.

## Точка 60

Владата ја донесе Одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Чикаго, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 61

Владата ги донесе најновите текстови на Одлуките за престанок и за давање на трајно користење движни ствари на Воспитно-поправната установа Воспитно поправен дом Тетово (10), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 62

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување на раководител, заменик раководител, членови и заменици членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Ахмет Кесер, за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања меѓу Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Министерството за економија.

## Точка 65

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Теодор Атанасов за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии и Министерството за економија.

## Точка 66

Владата го разгледа Барањето на Бесник Река и Илирјана Река, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за давање на правото на трајно користење на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за здравство, за реализација на проектот „Изградба на Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост“ во рамки на објектот на ЈЗУ Здравствен дом Кавадарци и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да поднесе барање до Министерството за транспорт и врски за давање на право на трајно користење на градежно земјиште на КП бр.12541/1 КО Кавадарци, запишано во Имотен лист бр.12819 сопственост на Република Северна Македонија, за ГП 2.5 КО Кавадарци, согласно Извод од план за УБ „Крсте Мисирков“ КО Кавадарци 2012-2017 издаден под бр.11 сл од 11.12.2019 година од Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина Општина Кавадарци, донесен со Решение 07-4401/25 од 30.9.2013 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да даде насоки и да ја спроведе постапката по барање за давање на трајно користење на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на Министерството за здравство.

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за одгледување, производство, трговија и услуги МКК ДООЕЛ увоз-извоз Кривогаштани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за одгледување, производство, трговија и услуги МКК ДООЕЛ увоз-извоз Кривогаштани, во предложениот текст.

## Точка 69

Владата на предлог на Мила Царовска, министер за образование и наука го симна од Дневниот ред новиот текст на Информацијата за склучување на Колективен договор за високо образование и наука, со најнов текст на Колективен договор, поради тоа што за истата се врши координација со министерот за финансии.

## Точка 70

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 71

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ" Скопје, во предложениот текст.

## Точка 72

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје" Скопје, во предложениот текст.

## Точка 73

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државен студентски дом „Пелагонија" Скопје во предложениот текст.

## Точка 74

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Ученички дом на Град Скопје „ Здравко Цветковски " Скопје, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при РЦСОО „Ванчо Питошески“ Охрид, во предложениот текст.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски “ Велес, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип, во предложениот текст.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола, во предложениот текст.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица, во предложениот текст.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Митко Пенџуклиски “ Кратово, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на ЈУ Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово, во предложениот текст.

## Точка 85

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници бидејќи истиот не содржи решенија кои ќе придонесат за надминување на проблемите со редовниот организиран откуп и обезбедување правна сигурност со оглед на тоа што производителите на тутун имаат постоечки договори за производство и откуп на тутун со регистрирани откупувачи за чија содржина откупувачите се задолжени да побараат мислење од највисоката асоцијација на тутунопроизводителите.

Исто така, предлогот во член 1 од овој закон не нуди решение како ќе постапува претставникот на највисоката асоцијација на тутунопроизводители кој исто така може да даде приговор за проценатa во однос на квалитетот и квантитетот на тутунот за откуп во моментот на предавањето на тутунот. Воедно, се укажува дека согласно членот 18 од постоечкиот закон е предвидено да се вршат измени и дополнувања на договорот и во случаите кога има проблеми при откупот на тутунот.

По однос на членот 2 од предлогот на закон, продолжувањето на рокот за завршување на откупот на тутунот не се прифаќа, бидејќи истиот се поклопува со рокот за договарањето на следната реколта кој согласно членот 14 став 8 крајниот рок за договарање е 31 март во тековната година.

По однос на членовите 3 и 4 од предлогот на закон, понуденото решение не се прифаќа, со оглед на тоа што е во директна колизија со членот 44 од постоечкиот закон со кој се забранува откупување, купување, прекупување, продажба, препродажба, транспорт и складирање на необработен тутун или режан тутун, како и неовластено располагање со машини, алати, уреди и опрема кои се користат за изработка на производи од тутун и сродни производи спротивно на одредбите на овој закон. За дообјаснување, се укажува дека доколку увезениот необработен тутун не се договара со регистриран откупувач на тутун ќе подлежи на прекупување, продажба, препродажба, транспорт и складирање, што е забрането со членот 44.

Имајќи го предвид горенаведеното образложение по предлог членовите, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење на текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, доставен до претседателот на Владата на Република Северна Македонија со бр.08-831/2 од 16.2.2021 година.

**Точка 86**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници бидејќи истиот содржи решенија кои ќе придонесат за надминување на проблемите со вишокот на договорен неоткупен тутун, обезбедување правна сигурност со оглед на тоа што временските рокови за преземање и откуп на договорен тутун кој е вишок се продолжуваат за еден месец, како и тутунот за кој откупувачите не обезбедиле финансиски средства се овозможува дополнително време за нивно обезбедување и исплата на тутунопроизводителите. Предлогот опфатен со членот 1 од измената е во директна релација со членот 4 од истиот Предлог на закон и се прифаќа.

Воедно, се укажува дека согласно членовите 2 и 3 од предложената измена се подобруваат постоечките членови 83 и 84 со што се дообјаснува предметот на уредување на основот за донесување на подзаконски акт од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имајќи го предвид горе наведеното образложение по предлог членовите, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење на текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, доставен до претседателот на Владата на Република Северна Македонија со бр.08-835/2 од 16.2.2021 година.

**Точка 87**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Поканата за учество на подготвителна седница на Уставниот суд на Република Северна Македонија по предметите: У.бр.8/2019, У.бр.16/2019, У.бр.26/2019, У.бр.40/2019 и У.бр.47/2019, како и по предметите У.бр.15/2019, У.бр.25/2019, У.бр.29/2019, У.бр.30/2019, У.бр.32/2019, У.бр.33/2019, У.бр.34/2019, У.бр.36/2019, У.бр.37/2019, У.бр.41/2019, У.бр.51/2019, У.бр.67/2019 и У.бр.162/2019 и

согласно член 29 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, заклучи да го извести Уставниот суд, дека за претставници на Владата на подготвителната седница на Уставниот суд, што ќе се одржи на 18 март 2021 година (четврток), во 10:00 часот, во просториите на Уставниот суд на Република Северна Македонија, се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Бојан Маричиќ, министер за правда.

## Точка 89

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.322/2020 за оценување на уставноста на член 61 став 2 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" бр.20/1998, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015), поднесена од адвокатското друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Според член 61 став 1 од Законот за денационализација, во постапката за денационализација не се применуваат одредбите за враќање во поранешна состојба и за обнова на постапката.

Според ставот 2 на овој член, заинтересираните лица можат своите права спрема лицата на кои им е вратен имот или платен надомест според одредбите од овој закон да ги остваруваат со тужба пред надлежниот суд во рок од пет години по правосилноста на решението за денационализација.

Од наводите во Иницијативата произлегува дека како спротивен на член 9 и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија се оспорува член 61 став 2 од Законот за денационализација според кој заинтересираните лица можат своите права спрема лицата на кои им е вратен имот или платен надомест според одредбите од овој закон да ги остваруваат со тужба пред надлежниот суд во рок од пет години по правосилноста на решението за денационализација.

Имено според наводите во Иницијативата вака предвидената законска одредба и нејзината практична примена ја доведува во прашање еднаквоста на граѓаните при остварување на правото на наследување.

Имено, наследниците кои не биле пријавени како такви во оставинска постапка и не дале наследничка изјава, согласно член 136 став 2 од Законот за наследувањето („Службен весник на Република Македонија", бр.47/1996) имаат право да бараат оставина во роковите предвидени со истиот Закон и тоа:
„Право да се бара оставината со тужба како наследник спрема држателот на оставината застарува за две години од денот кога наследникот дознал дека донесеното правосилно решение за наследување, а најдоцна десет години од денот кога решението за наследување станало правосилно.
Правото да се бара оставината во секој случај застарува по протекот на 20 години од смртта на оставителот.".

Од една страна, доколку оставителот оставил недвижен имот кој во јавните книги за запишување на правата на недвижностите гласи на негово име изоставен наследник може да бара дел од оставината и 20 години подоцна, а од друга страна, изоставен наследник на оставител кој имал право на денационализација, а друг наследник го остварил тоа право, може да ги остварува своите права пред надлежниот суд во рок од пет години.

Според подносителот на Иницијативата одредбата ги става во неповолна положба горенаведените лица и спрема граѓаните кои воопшто не поднеле барање за денационализација кои согласно член 49 став 3 од истиот Закон можат да го остваруваат своето право пред надлежен суд без временско ограничување. Со тоа, наследник на оставител кој има право на денационализација, а друг го остварил правото, има рок од пет години да го остварува правото спрема друг, а наследник на оставител кој воопшто не поднел барање за денационализација може да го остварува правото и по протек на 50 години.

Според наводите на подносителот, наведеново било во согласност со претходно изнесен став на Уставниот суд според кој „решението за денационализација нема конститутивно дејство, туку има декларативен карактер. Со ова решение за денационализација поранешните сопственици не се стекнуваат со правото на сопственост, бидејќи тоа право поранешниот сопственик го имал стекнато, а наследниците по основ на наследување по сила на законот се стекнуваат со право на сопственост и по тој основ како носители на право на сопственост им се враќа одземениот имот.“

Според наводите на подносителот, имајќи го предвид изнесениот став на Уставниот суд, во ситуација кога решението за денационализација има декларативен карактер, а наследниците се стекнуваат со правото на сопственост по сила на закон, а не со решението, не постоела оправдана причина горенаведените лица да се ставаат во понеповолна положба во однос на сите други наследници.

Според член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 30 од Уставот се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста и гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Иницијативата е неоснована поради следново:

Со законот за денационализација, како „lex specijalis“ државата како титулар на сопственоста на имотот одземен со присилните прописи го определила рокот во кој заинтересираните лица можат своите права спрема лицата на кои им е вратен имот или платен надомест според одредбите од овој закон да ги остваруваат со тужба пред надлежниот суд по правосилноста на решението за денационализација.

Оттука неприфатливо е стојалиштето во Иницијативата дека граѓаните се ставаат во нерамноправна положба пред Уставот, затоа што ставот 2 од член 61 од Законот се однесува на сите поранешни сопственици на одземен имот што е предмет на денационализација, а не само на оние граѓани на Република Северна Македонија кои не биле пријавени како такви во оставинска постапка при прогласување за наследници на право на денационализација и не дале наследничка изјава.

Имено согласно член 11 став 1 од Законот за денационализација е утврдено дека право да поднесе барање за денационализација има поранешниот сопственик, односно лицата кои се негови наследници. Исто така, согласно член 11-а барателите од член 11 на овој закон имаат право да поднесат барање за прогласување на наследници на правото на денационализација на имотот одземен од нивните претходници кој според одредбите на овој закон се враќа или за кој се дава надомест. Кон барањето од став 1 на овој член се приложува актот за одземање на имотот на поранешниот сопственик, како и извод од матичната книга на умрените за поранешниот сопственик, односно правосилно решение за прогласување на наследници ако такво решение било поднесено порано, кои се доставуваат во оригинал или во службено заверен препис.

Во член 11 став 3 од Законот за денационализација е уредено дека прогласувањето на наследниците и утврдувањето на нивните наследнички делови на правото на денационализација, како и на други права и обврски кои за барателите на денационализација произлегуваат од одредбите на овој закон, се врши според прописите за наследување.

Прогласувањето на наследниците се врши врз основа на актот за одземање од став 2 на овој член. При донесувањето на решението за прогласување на наследници сообразно се применува одредбата од член 52 став 1 точки 1 до 3 и 6 до 8 на овој закон, а постапката за прогласување на наследниците се спроведува според прописите на вонпарничната постапка.

Според став 4 на овој член судот е должен решение по барање за прогласување на наследници согласно став 1 од овој член да донесе во рок од два месеци по приемот на барањето, освен кога повикувањето на наследниците се врши со оглас и кога наследничките изјави треба да ги дадат пред друг суд или во странство. Правосилното решение за прогласување на наследници согласно став 5 од овој член, се приложува кон доказите и во форма предвидени во член 47 ставови 3 и 4 од овој закон.

Имајќи ги во предвид претходно цитираните одредби од Законот за денационализација законодавецот, изречно и недвосмислено ја уредува целокупната постапка за утврдување на наследниците на правото на денационализација, така што правото да поднесат барање за прогласување за наследници всушност е „должност“ на наследниците на правото на денационализација, а кои се баратели на денационализација, па доколку тие прво поднеле барање за денационализација истите се упатувани на оставинска постапка од страна на органот за денационализација.

Со правосилното решение за денационализација, односно за враќање на имот или за давање на надомест, правосилно се завршува постапката за денационализација. На тој начин доаѓа до промена на сопственоста односно имотот од државата преминува во сопственост на лицето или на лицата на кои им се враќа имотот и таа промена се запишува во катастарот на недвижностите, односно извршено е намирување на барателите со давање надомест. Овие промени може да засегаат во правата на трети лица, на кои според став 2 од член 61 од законот им се признава право на поднесување на тужба во рок од пет години пред надлежниот суд со која тие ќе бараат да им се предаде имотот, односно да им се даде надоместот кои биле примени со правосилно завршување на постапката на денационализација. Ваквото предвидено решение од страна на законодавецот е на линија на обезбедување на правната сигурност, поради што не може да се прифатат наводите во иницијативата дека граѓаните се ставени во нерамноправна положба со ваквото законско решение. Ова имајќи ги во предвид претходно цитираните одредби од Законот за денационализација со кои како претходен законски услов е уредено решавањето на прашањето за утврдување на наследниците на правото на денационализација.

Право на законодавецот е со закон да ги пропишува прашањата од сферата која ја уредува, а целисходноста и имплементацијата на законските норми не се прашања од уставно правен аспект што би можеле да ја доведат под сомнение уставноста на наведената законска одредба.

Исто така треба да се има предвид дека процесот на денационализација се спроведува веќе подолг временски период, односно согласно член 49 став 2 од Законот за денационализација е утврдено дека барањата за денационализација можат да се поднесат до 31 декември 2007 година. Согласно став 3 на овој член е утврдено дека по истекот на пет години од денот на влегувањето во сила на Законот за денационализација, може да се бара давање на надоместок, а враќање на имотот ако нема правни и фактички пречки. По истекот на рокот од став 2 на овој член, правото да поднесе барање за денационализација престанува.

Од ова произлегува дела процесот на денационализација е во завршна фаза, па доколку наведената законска одредба се промени тоа ќе создаде правна несигурност спрема барателите за денационализација кои врз основа на одредбата од член 61 став 2 од Законот за денационализација не го оствариле правото на денационализација во однос на останатите баратели за денационализација за кои

во понатамошната постапка за денационализација би се одлучувало поинаку, односно со продолжување на рокот во кој на заинтересираните лица би им се признало право на поднесување на тужба пред надлежниот суд со која тие ќе бараат да им се предаде имотот, односно да им се даде надоместот кои биле примени со правосилно завршување на постапката на денационализација.

Врз основа на претходно наведеното, одредбата на членот член 61 став (2) од Законот за денационализација е во согласност со член 9 и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Иницијативата да ја отфрли како неоснована.

## Точка 90

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.320/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразни болести КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.44-8118/6 од 15.12.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.298/2020), поднесена од претседателот на Независна угостителска комора, Здравко Јосифовски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.298/20), со која се ограничува работата на угостителските објекти наместо до 21 часот да биде до 18 часот, освен за угостителските објекти кои остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн нарачки, телефонски нарачки и слично) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект (преку штанд/пулт).

Дополнително, работата на угостителските објекти до 18 часот, да биде спроведена во рамките на веќе усвоените протоколи за работа. Оваа мерка да почне да се применува од 18.12.2020 година до 21.1.2021 година.

Според подносителот со овие измени и дополнувања на Одлуката се повредуваат повеќе начела загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и ја смета за дискриминаторска затоа што на угостителите односно угостителските објекти единствено им е забрането и ограничено работното време во одреден

период од 18.12.2020 година до 21.1.2021 година да ја вршат својата дејност внатре во своите објекти, додека во други објекти не е ограничена.

Посебно подносителот смета дека измените и дополнувањата на Одлуката се во спротивност со членот 9 од Уставот со кој се дефинирани основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека работното време на угостителските објекти е утврдено во членот 23 од Законот за угостителска дејност кој не е укинат ниту суспендиран кога со измените и дополнувањата на Одлуката се донесени ограничувања за работа само за угостителските објекти, со што смета дека се повредени со Уставот загарантираните начело на еднаквост и рамноправност, правото на слобода на движење и слободата на работа.
2. Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20) во членот 1 пропишува:
„Со оваа одлука се уредува примената на времените мерки утврдени во член 28 став (6) од Законот за заштита на населението од заразни болести, како и превентивните препораки, наредените мерки, наменските протоколи, планови и алгоритми за постапување утврдени во член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести кои се наредуваат заради заштита на здравјето на населението на територијата на Република Северна Македонија и во функција на спречување на внесување, ширење, сузбивање и справување со последиците од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, а согласно Пандемија прогласена од Светската здравствена организација, како и случаите во кои ќе се применат и временскиот период на нивната примена.“.

Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20), како и оспорената Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.298/20), се во рамките на Уставот и законите, затоа што се во согласност со членот 58 став 1 точка 4 од Законот за заштита на населението од заразни болести, според кој Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство може да забрани собирање на населението на јавни собири, во кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места додека трае опасноста од ширење на заразната болест, а во прилог на ова е и членот 39 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија според кој „Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите“.

Ограниченото работното време во одреден период од 18.12.2020 година до 21.1.2021 година за угостителските објекти е во насока на спроведување на Уставот и во него предвиденото право и должноста за чување на сопственото здравје и здравјето на другите. Дополнително тоа значи и операционализација на одредбата од Законот за заштита на населението од заразни болести со која преку одлука на Владата да се забрани собирање на населението во локали и други јавни места, а тоа секако се угостителските објекти во период кога има бројни настани на кои традиционално се собираат големи групи на граѓани, се делува превентивно во насока на оневозможување на ширење на заразната болест на голем број на граѓани.

Дека целта на оспорената одлука не е дискриминација на угостителските објекти, туку дека целта е забрана на собирање во угостителските објекти, а со тоа и спречување на ширење на заразната болест, говори и фактот дека истата не се однесува на угостителските објекти кои остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн нарачки, телефонски нарачки и слично) и вршат достава или овозможуваат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект (преку штанд/пулт).

Во однос на наводите на подносителот на Иницијативата дека работното време е утврдено во Законот за угостителска дејност, треба да се знае дека станува збор за регулирање на работното време на угостителските објекти во нормални услови кога не постои опасност од ширење на заразна болест, додека во ситуација кога има на светско ниво пандемија од заразна болест, како „lex specialis" се применува Законот за заштита на населението од заразни болести и можностите со одлука на Владата да се ограничи собирање на населението во јавни објекти заради спречување на ширење на заразна болест.

Имајќи го предвид горенаведеното се укажува дека Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.298/20), е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 298/20).

## Точка 91

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.12/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на: одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република

Северна Македонија" бр.257/2020); Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/2020, бр.44-8118/1 од 3.11.2020 во целина, а особено членот 13 и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.298/2020) во целина, а особено членот 2 од истата, поднесена од Миле Бундовски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 1 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), со кој во членот 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести по ставот 2 се додаваат шест нови ставови 3, 4, 5, 6, 7 и 8, а ставот 8 гласи: „Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство одлучува кои од мерките од ставот 6 на овој член ќе се применат, случаите во кои ќе се применат и за кој временски период.".

Според подносителот на Иницијативата, оспорената одредба од Законот за заштита на населението од заразни болести е спротивна на:

- членот 54 став 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој „Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот." и „Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот.", и

- членот 9 од Уставот според кој, како што наведува подносителот на Иницијативата, „никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.".

Подносителот на Иницијативата констатира дека од цитираните одредби од Уставот произлегува дека „ограничувањето е можно само со закон и во обем децидно утврден со законот" и тврди дека „во конкретниот случај се остава можност конкретното определување на ограничувањата да го прави исклучиво извршен орган на власта-Владата, а притоа ограничувањето што го определува да не е децидно определено со закон.".

Истовремено. подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 13 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на

населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20 и 269/20), со кој се утврдува како наредена мерка затворањето за посетители-гости по 21:00, односно 18:00 часот на сите угостителски објекти, како и забраната за организација и одржување на прослави на јавни места и површини „по повод претстојните новогодишни и верски празници, како и организација и одржување на каков било друг тип на прослави на отворен и затворен простор од страна на физички и правни лица, особено во периодот од 18 декември 2020 година до 21 јануари 2021 година.“.

Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот, се пропишува во Уставот како највисок државноправен акт. Вонредна состојба настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии, како што е Пандемијата на Коронавирусот.

Вонредната состојба е изрично регулирана со членовите 125 и 126 од Уставот. Имајќи ги предвид промените кои настануваат за време на вонредна состојба, нејзиното прогласување е ограничено само на две ситуации, кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии. Законот за заштита на населението од заразни болести регулира постапување и овластувања на различни органи во процесот на справување со заразни болести и дел од неговата содржина може да се смета дека е тесно поврзана со можноста за утврдување на постоење на вонредна состојба.

Како резултат на до сега непознатиот вид на коронавирусите, светот беше зафатен од сериозна здравствена криза која не ја одмина ниту Република Северна Македонија.

Појавата на новиот вирус КОВИД-19 во светот и прогласувањето на глобална пандемија од страна на Светската здравствена организација, предизвика глобална криза која остави длабоки траги во здравствената, економската и во сферата на заштитата и почитувањето на човековите права и слободи. Соочени со широката распространетост на вирусот во Европа, голем број од државите-членки на ЕУ воспоставија посебен правен режим на територијата на своите држави, со кој ѝ се овозможуваат поголеми овластувања на извршната власт, сè со цел ефикасно справување со ризиците.

Во контекст на ситуацијата со Коронавирусот, речиси сите земји преземаа одредени рестриктивни или помалку рестриктивни мерки, кои несомнено влијаат на остварувањето на човековите права и слободи. Резолуцијата 2209(2018) на Парламентарното собрание на Советот на Европа, повикува на одговорноста на државата да преземе превентивни мерки за да ги заштити интересите на општеството во време на војна или друга вонредна состојба што му се заканува на животот на луѓето, дозволувајќи согласно со член 15 од Европската конвенција за човекови права да отстапи од одредени свои конвенциски обврски во време на вонредна состојба.

Република Северна Македонија не беше исклучена од глобалните текови, па на 18 март 2020 година беше утврдено постоење на вонредна состојба на целата територија на државата, која траеше до 22 јуни 2020 година. Имено, ваквата состојба доведе до ситуација во која Претседателот на државата, користејќи ги своите овластувања од Уставот, на 18 март 2020 година донесе Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 68/2020) со која се воспостави посебен правен режим на територијата на целата држава. За време на вонредната состојба, Владата на Република Северна Македонија донесе 250 уредби со законска сила, од кои 29 ја регулираа областа на социјалната и здравствената заштита. Освен тоа, Владата донесе голем број одлуки за дополнителни мерки за спречување на Коронавирусот, меѓу кои и забрана за движење во одредени денови, односно периоди од денот.

По прогласената вонредна состојба во нашата земја врз основа на глобалната пандемија на Коронавирусот, се донесоа посебни законски одредби со цел надминувањето на кризата предизвикана од пандемијата и отстранувањето на нејзините последици.

Имајќи ја предвид природата и сериозноста на пандемијата и ескалирањето на ситуацијата, мерките предвидени со овие одредби неизбежно навлегоа во човековите правата и слободи. Всушност, меѓународната правна рамка за човекови права предвидува можности за ограничување на определени човекови права во вонредни состојби, особено во насока на заштита на здравјето на луѓето.

Важноста на Законот за заштита на населението од заразни болести од аспект на ограничувањето на човековите права е претставена преку членовите 57 и 58.

За разлика од членот 57 кој и дава овластување на Владата на предлог на Министерството за здравство, со одлука посебно да го уреди функционирањето на здравствениот систем за време на епидемија, согласно членот 58 Владата директно може да ги ограничи:

- Напуштањето и враќањето во државата;
- Забрана за патување во држави каде постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
- Правото на слобода на движење преку воспоставување посебен режим на движење, односно забрана за движење во заразените или загрозените подрачја;
- Правото на собирање на населението на јавни собири, кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места и
- Да ограничи или забрани промет на одделни видови на стоки и производи.

Со измените на Законот за заштита на населението од заразни болести од 29 октомври 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/2020) Владата, на предлог на Министерството за здравство може да нареди и:

- Носење на лична заштита на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради природата на дејноста претставуваат место на собирање на повеќе лица;
- Задолжителна самоизолација при тестирање за Коронавирус КОВИД-19 од закажување на тестот или самото тестирање до добивање на резултатот, а самоизолацијата продолжува доколку резултатот е позитивен и
- Забрана за групирање на јавен простор (паркови, јавни површини или која било површина на отворено) во одредени периоди од денонoќието.

При прогласување на вонредната состојба, активностите на Владата на Република Северна Македонија беа насочени и се одвиваа преку носење на уредби со законска сила, одлуки и мерки во насока на заштита на здравјето на населението и спречување на ширење на вирусот, како и справување со последиците предизвикани од вирусот. Исто така, Владата презема активности за подигање на јавната свест кај населението. Во контекст на уредбите со законска сила за примена на Законот за заразни болести за време на вонредна состојба, треба да се нагласи дека мерките воведени со посочените уредби беа потврдени од страна на Собранието на Република Северна Македонија на начин што беа интегрирани како системско законско решение со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2020).

На тој начин во редовна собраниска процедура беа донесени законски одредби кои ги тангираат негативните последици од пандемијата и по престанување на вонредната состојба.

Одлуките донесени од Владата поврзани со заштита на здравјето на населението, како и заштита и спречување со последиците од ширење на коронавирусот КОВИД-19 се донесени врз основа на овластувања од законски одредби, како и одредби содржани во уредбите со законска сила.

45% од донесените одлуки за време на вонредната состојба и непосредно пред вонредната состојба се донесени врз основа на овластувања дадени во Законот заштита на населението од заразни болести. Донесените одлуки врз основа на овој закон се однесуваа на: мерки за спречување и ширење на КОВИД-19, посебен режим на движење на територија на Република Северна Македонија, забрана и посебен режим на движење на подрачјата на Општините Дебар и Центар Жупа и спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови.

Постои опсег на овластувања и се дадени на извршната власт со Законот за заштита на населението од заразни болести. Мерките кои беа спроведувани во изминатиот период се засновани токму на одредбите од овој закон. Во таа насока, Законот, како што е поставен, и дава на извршната власт овластување за ограничување на човековите права, а таквото ограничување не е условено само со постоење на вонредна состојба. Дополнителните измени на Законот во октомври

2020 година, ги зголемија овластувањата на извршната власт. Оттука, спротивно на тврдењата на Миле Бундовски во Иницијативата, ограничувањето се утврдени со закон и во обем децидно утврден со законот, а на Владата и се дадени законски овластувања да донесе подзаконски акт со кој ќе допрецизира кои од мерките (ограничувањата) пропишани со Законот ќе применуваат, во кои случаи и во кој временски период.

Подносителот на Иницијативата со која се оспорува членот 1 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2020), погрешно тврди дека оспорените одредби се спротивни на членот 9 од Уставот, кој според него пропишува дека „никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.". Се нагласува дека со член 9 од Уставот не е пропишано она што подносителот на Иницијативата го наведува, туку е пропишано следното „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.".

Исто така, подносителот на Иницијативата го оспорува и член 13 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/20 и 269/20).

Начелно се укажува дека одредбата која е оспорена од подносителот на Иницијативата произлегува од последните изменувања и дополнувања на Законот за заштита на населението од заразни болести, член 28 став 5 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), па оттука, оваа одредба е само правно нормирана, дефинирана и прецизирана во предметната одлука.

Според подносителот на Иницијативата, оспорената одредба од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/20 и 269/20), е спротивна на:

- членот 8 од Уставот според кој, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се: меѓу останатото и „слободата на пазарот и претприемништвото;.",
- членот 9 од Уставот според кој, како што наведува подносителот на Иницијативата, „никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.", и

• членот 55 од Уставот според кој „Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.“.

Подносителот на Иницијативата намерно или случајно пропушта да ја цитира одредбата од ставот 3 на истиот член 55 од Уставот, според која „Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.“. Мерките кои ги оспорува подносителот на Иницијативата се воведени со Законот за заштита на населението од заразни болести заради зачувување на здравјето на населението во Република Северна Македонија.

Министерството за здравство укажува дека Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20), како и оспорената Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.298/20), се во рамките на Уставот и законите, затоа што се во согласност со членот 58 став 1 точка 4 од Законот за заштита на населението од заразни болести, според кој Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство може да забрани собирање на населението на јавни собири, во кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места додека трае опасноста од ширење на заразната болест, а во прилог на ова е и членот 39 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија според кој „Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите“.

Ограниченото работното време во одреден период од 18.12.2020 година до 21.1.2021 година за угостителските објекти е во насока на спроведување на Уставот и во него предвиденото право и должноста за чување на сопственото здравје и здравјето на другите. Дополнително тоа значи и операционализација на одредбата од Законот за заштита на населението од заразни болести со која преку Одлука на Владата да се забрани собирање на населението во локали и други јавни места, а тоа секако се угостителските објекти во период кога има бројни настани на кои традиционално се собираат големи групи на граѓани, се делува превентивно во насока на оневозможување на ширење на заразната болест на голем број на граѓани.

Дека целта на оспорената Одлука не е дискриминација на угостителските објекти, туку дека целта е забрана на собирање во угостителските објекти, а со тоа и спречување на ширење на заразната болест, говори и фактот дека истата не се однесува на угостителските објекти кои остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн нарачки, телефонски нарачки и слично) и вршат достава или

овозможуваат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект (преку штанд/пулт).

Исто како и со оспорувањето на членот 1 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2020), и во конкретниот случај со Одлуката подносителот на Иницијативата погрешно тврди дека оспорените одредби се спротивни на членот 9 од Уставот, кој според него пропишува дека „никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.“.
Се нагласува дека со член 9 од Уставот не е пропишано она што подносителот на Иницијативата го наведува, туку е пропишано следното „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“.

Оспорените законски одредби и оспорените одредби од Законот и Одлуката се во насока на остварување на нивната легитимна цел. Што значи, ако се имаат предвид причините и целта којашто сакала да се постигне, а тоа е да се спречи ширењето на Коронавирусот и заштити населението од последиците по здравјето од тоа ширење, неспорно може да се заклучи дека оспорените одредби се во контекст на остварување на таа цел, односно во функција на преземање на мерки со кои ќе се пресретне брзото ширење на заразата и мерки во функција на навремено дејствување заради справување и заштита на населението од последиците од ширењето на Коронавирусот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека членот 1 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20) и член 13 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20 и 269/20), се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорените членови.

<u>**Точка 92**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена пред Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 69 став 4 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/2019), поднесена од адвокат Никола Источки од Ресен и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на уставната иницијатива, наведува дека членот 69 став 4 од Законот за управни спорови (ЗУС) е во спротивност со членот 15 став 1, член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Законот за управни спорови од 2019 година, чија примена започна во мај 2020 година, претставува реализација на стратешката цел за реформа во управно правната област, определена во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година. Законското решение има утврдено неколку стратешки цели, но пред се: зголемување на ефикасноста на управниот спор и намалување на должината на управно судската постапка со растоварување на буџетот, обезбедување на извршност на пресудите во управен спор, овозможување на Управниот суд да одлучува во полна јурисдикција одржувајќи јавни расправи.

Притоа оспорениот член 69 од Законот за управните спорови, утврдува дека:
„(1) Против пресуда на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата.
(2) Навремено изјавена жалба спречува пресудата да стане правосилна во делот што се побива со жалбата.
(3) Жалбата го одлага извршувањето на обжалената пресуда.
(4) Жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган, како ни против пресуда со која судот му наложил на јавниот орган да го донесе поединечниот акт кој не бил донесен во утврдениот рок.
(5) Во жалбата не можат да се изнесуваат нови факти ниту да се предлагаат нови докази, освен ако се однесуваат на суштествени повреди на одредбите на постапката поради кои може да се изјави жалба.
(6) За жалбата против пресудата одлучува Вишиот управен суд како второстепен суд (во натамошниот текст: второстепениот суд).“

Оспорената одредба на ставот 4, има за цел да го надмине проблемот со децениските управни спорови, на штета на граѓаните, при што пресудите со кои Управниот суд ги укинува решенијата на органите на државната управа и ги враќа на повторно решавање со конкретни судски напатствија, не се извршуваа од страна на органите на државната управа кои повторно ги носеа решенијата со иста содржина, како и претходното укинато решение. Управниот суд се соочуваше со проблем на неизвршување на неговите пресуди, појава која не е забележана во ниту една држава во која се применува доследно начелото на владеење на правото. Органите на државата управа како и останатите јавни органи, регулаторни тела и немаат право да ги обжалуваат пресудите на Управниот суд со кои се укинува нивното решение, бидејќи треба да се има предвид дека поединечните управни акти на органите (државни и јавни), но и судот претставуваат државна власт, и дека недозволива е состојбата со постојано одење напред - назад на постапката во која граѓаните и правните лица се обидуваат да дојдат до утврдување и реализација на своето право во управно - правен спор .

Неосновани се наводите на подносителот на иницијативата дека со наведените одредби се повредени член 15 став 1, член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, од следните причини:
Членот 8 од Уставот ги утврдува темелните вредности на уставниот поредок:
- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
- правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
-уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Членот 15 е лоциран во главата II на Уставот, која се однесува на Основните слободи и права на човекот и граѓанинот и притоа утврдува дека: Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Членот 51 исто така е сместен во главата II под точка 3, која се однесува на Гаранции на основните слободи и права. Притоа истиот утврдува дека: Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Имајќи ги предвид одредбите од член 15 и член 51 од Уставот, кои се однесуваат исклучиво на слободите и правата на човекот и граѓанинот, а од друга страна фактот дека подносителот на Иницијативата се грижи за заштита на правата на јавните органи, бидејќи со оспорениот член 69 став 4 се уредува правото на жалба само на јавните органи, не постојат основите за разгледување на поднесената иницијатива за оценување на уставноста на оспорениот член.

Воедно по однос на повикувањето на подносителот на Иницијативата дека со оспорениот член 69 став 4 се повредуваат и темелните вредности од член 8 алинеја 3- владеењето на правото, став е дека станува збор токму за спротивното.

Со ставот 4 на членот 60 токму се јакне владеењето на правото во корист на граѓаните, бидејки на тој начин државата своеволно се откажува од правото до бесконечност да создава можности и да ги ограничува правата на граѓаните во реализација на своите управно правни права. Притоа се нагласува дека принципот на двостепеноста во одлучувањето ниту за јавните органи, апсолутно не е нарушен,

имајќи го предвид фактот дека првпат за управната работа одлучуваат тие како јавни органи, а вториот пат Управниот суд, а дека сето тоа претставува единствена државна власт.

Воедно во оваа прилика се укажува на околноста дека Законот за управни спорови е подготвен врз основа на наоди од Извештајот на Европската комисија, извештаите од СИГМА и оценски мисии за ефикасноста на управната постапка, а Законот содржи решенија кои во целост се усогласени со препораките од Европската комисија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека со оспорената одредба од член 69 став (4) од Законот за управни спорови, не се повредуваат темелните вредности од аспект на владеењето на правото, ниту пак истата е во спротивност со членовите 15 и 51 од Уставот, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од Законот за управни спорови.

## <u>Точка 93</u>

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Правилникот за утврдување на висината на посебниот додаток на офицерите со генералски чинови заради вршење на стручни работи за организирање, подготвување и командување со Армијата, донесен од министерот за одбрана, бр.01-1155/1 од 15.2.2012 година, поднесена од Борко Симоски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во член 148 став (1) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 275/20 и 14/20), е пропишано дека платата на активниот воен персонал се состои од плата и додатоци на платата.

Според став (2) од истиот член, платата се определува според чинот, должноста, работното искуство и армискиот додаток.

Во смисла на став (3), додатоците на основната плата ги сочинуваат: додаток за вршење специфична воена служба, додаток за вршење служба со висок ризик, додаток за вршење трупна служба, додаток за посебен степен на образование и додаток за застапување.

Платата утврдена во членот 148 од Законот, ја добива целокупниот активен воен персонал на служба во Армијата, вклучувајќи го и воениот персонал со генералски чинови, во зависност од чинот, должноста и работното искуство, во согласност со членовите 149, 150 и 151 од Законот за служба во Армијата на Република Северна

Македонија, во кои се утврдени бодовите според кои се вреднува платата според чинот, должноста и работното искуство.

Армискиот додаток утврден во член 148 став (2), кој според член 152 од Законот, припаѓа заради посебните услови на службата во Армијата, и тоа за: работа во теренски услови; логорување; тревога; учество во воени вежби; командноштабни воени вежби, инструкторско-методски, показни и слични вежби; привремена дислокација на воени единици и установи; гаѓање; работа подолго од полното работно време во работна недела; ноќна работа; работа во смена, односно турнус; работа за време на неделен одмор и празници утврдени со закон; користење и прекин на годишен одмор по потреба на службата; преместување; вршење служба во сите услови, како и други вонредни ситуации предизвикани со потребите на борбената готовност на Армијата и се пресметува во висина на 30% од платата според чинот и должноста, исто така го остварува целокупниот активен воен персонал, вклучувајќи го и воениот персонал со генералски чинови.

Додатоците на основната плата утврдени во член 148 став (3) од Законот, односно додатокот за вршење специфична воена служба, додаток за вршење служба со висок ризик, додаток за вршење трупна служба, додаток за посебен степен на образование и додаток за застапување, ги остварува само воениот персонал што ја извршува оваа служба, вклучувајќи го тука и воениот персонал со генералски чинови, доколку ги извршува овие должности и работи утврдени во членовите 153, 154 и 155 од Законот и тоа: специфична воена служба - вршење служба на летачи и друг летачки персонал, воздухопловно технички персонал, припадници на специјални единици, наставно-научен, наставен и соработнички персонал на Воената академија и други посебни специјалности од особено значење за Армијата; служба изложена на висок ризик - работа изложена на опасност по живот, можни повреди, заболувања и инфекции, во услови на влага, бучава, висина, прашина, зрачење, температура, чад, употреба на хемикалии, работа под земја, затворен простор без природно осветлување и други слични специфични потешки услови за работа чие дејство не може во целост да се отстрани со спроведување на мерки за безбедност и здравје при работа согласно со закон, и вршење трупна служба - што претставува вршење служба во единици заклучно со бригада.

Додатокот на основната плата за посебен степен на образование и додатокот за застапување, утврден во член 156 од Законот, го оставарува само воениот персонал кој има посебен степен на образование, односно положен правосуден испит, магистратура или специјализација за командно-штабни должности, специјализација во здравствена дејност, како и докторат на науки согласно со потребите на Армијата или има завршено школа за национална одбрана. Доколку врши застапување според член 81 од Законот, висината на додатокот на плата за застапување е пропишана во член 157 од Законот.

Во член 160 став (1) од Законот, е пропишано дека офицерите со генералски чинови, покрај додатоците на основната плата од членовите 153 до 157 од овој закон, можат да остварат и право на посебен додаток, заради вршење на стручни работи за организирање, подготвување и командување со Армијата.

Според член 160 став (2), додатокот од ставот (1) се вреднува во бодови, во зависност од чинот и тоа од 100 до 700, а според став (3), висината на додатокот од ставот (2) на овој член, со правилник ја утврдува министерот за одбрана, врз основа на кој е донесен Правилникот за утврдување на висината на посебниот додаток на офицерите со генералски чинови заради вршење на стручни работи за организирање, подготвување и командување со Армијата, бр. 01-1155/1 од 15.2.2020 година.

Во член 2 од оспорениот Правилник, е пропишана висината на посебниот додаток, во зависност од чинот, а која висина е во согласност со член 157 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Во Армијата на Република Северна Македонија, постојат четири генералски чинови утврдени во Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, а согласно тие чинови, во оспорениот правилник утврдена е висината на посебниот додаток на офицерите со генералски чинови, заради вршење на стручни работи за организирање, подготвување и командување со Армијата, на што упатува правниот основ за негово донесување.

Се напоменува дека овој додаток на плата не може да го остварат офицерите кои немаат генералски чинови, а имаат завршено школа за национална одбрана.

Школата за национална одбрана, согласно Законот, претставува еден од условите за да може, но не мора, офицерите со чин полковник да бидат унапредени во бригаден генерал, согласно потребите на службата во Армијата, односно Актот за формација на Армијата.

Офицерите кои немаат генералски чинови, а имаат завршено школа за национална одбрана, го остваруваат горенаведениот додаток, за посебен степен за образование утврден во член 156 од Законот.

Со Законот за одбрана се регулира системот за одбраната на независноста и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија, а во членот 25 и 26 од истоимениот закон, се уредени надлежностите на Генералштабот на Армијата, како највисоко стручно тело во состав на Министерството за одбрана, кое ги врши оперативните и стручните работи за организирање, подготвување и командување со Армијата.

Со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија се уредуваат статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Северна Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата.

Врз основа на напред наведеното, во никој случај не може да се споредуваат одредбите на Законот за одбрана со одредбите на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, во однос на утврдување на висината на посебниот додаток на плата заради вршење на стручни работи за организирање,

подготвување и командување со Армијата, за воените старешини-офицери со генералски чинови.

Согласно наведеното, се цени дека наводите во Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.293/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Правилникот за утврдување на висината на посебниот додаток на офицерите со генералски чинови заради вршење на стручни работи за организирање, подготвување и командување со Армијата, бр. 01-1155/1 од 15.2.2012 година, се неосновани, од кои причини Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот Правилник.

<u>Точка 94</u>

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.314/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1, член 2 и член 3 од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/2020), поднесена од политичката партија Левица од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста и законитоста на членовите 1, 2 и 3 од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија бр.44-8017/1 од 3 септември 2020 година, донесен од Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/2020), дека истиот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и 4, членот 51, членот 68 став 1 алинеја 1 и 2, членот 88, член 89, членот 95, членот 96 и членот 129 од Уставот на Република Северна Македонија, како и член 5, член 16 и член 17 од Законот за Владата на Република Македонија, поради што бара поништување (ex tunc) или укинување (ex nunc) на побиваниот акт во наведените делови.

Во однос на наводите изнесени во самата Иницијатива, се смета дека истите се неосновани, поради следното:

Според оспорениот член 1 во Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/20) во Глава II, во насловот, по зборот „ПРЕТСЕДАТЕЛ“, се додаваат зборовите „ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАДОЛЖЕН ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА НА РЕСОРИТЕ“.

Според оспорениот член 2, со кој се менува членот 5 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, е уредено дека претседателот на Владата го заменува првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на

ресорите, а во случај на негово отсуство или спреченост тогаш претседателот на Владата го заменува еден од неговите заменици што тој ќе го определи.

Според оспорениот член 3 со кој се менува членот 6, е предвидено:

„(1) На претседателот на Владата во вршењето на неговите права и должности му помагаат првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и замениците на претседателот на Владата.

(2) Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и замениците на претседателот на Владата се грижат за извршување на работите од надлежност на Владата по одделни прашања за кои ќе ги овласти претседателот на Владата.

(3) Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и замениците на претседателот на Владата го известуваат претседателот на Владата за извршување (спроведување) на работите согласно став (2) на овој член.“.

Според член 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата донесува Деловник за работа на Владата, кој во согласност со овој закон со Деловникот поблиску се утврдува внатрешната организација, начинот на работа, како и други прашања од значење за работата на Владата.

Според член 16 од Законот за Владата на Република Македонија:
(1) Претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици.
(2) Претседателот на Владата го заменува неговиот заменик.
(3) Претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности.

Според член 17 од Законот за Владата на Република Македонија е предвидено дека „По овластување на претседателот на Владата, секој член на Владата може да ја претставува во Собранието и во работните тела на Собранието и да го застапува ставот на Владата“.

Согласно член 8 став 1 алинеи 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок меѓу другото, се утврдени владеењето на правото и поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно член 68 став 1 алинеи 1 и 2 од Уставот, Собранието на Република Северна Македонија го донесува и изменува Уставот и донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Согласно членот 88 од Уставот, Владата на Република Северна Македонија е носител на извршната власт, а своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите. Во член 89 ставот 1 од Уставот, алинеите 1 и 6 предвидуваат дека Владата ја сочинуваат претседател и министри, а „организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон“.

Согласно членот 95 ставови 1 и 3 од Уставот е предвидено дека државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон, а организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно членот 96 од Уставот е предвидено дека органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Согласно членот 129 од Уставот, Уставот на Република Македонија се изменува и дополнува со уставни амандмани.

Во членот 11 точка 3-а од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19) е предвидено дека за вршење на функциите на државната управа се основа Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците.

Од анализата на претходно наведените Уставни и законски норми, со Уставот како највисок правен акт се утврдени само начелните рамки за функционирањето на Владата, а самата организацијата и начинот на работа упатува да се уреди со закон. Со Уставот јасно е определена положбата на Владата и се утврдени нејзините права и должности, а Владата е носител на извршната власт и своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законот. Уставните одредби јасно ја определуваат положбата на органите во организацијата на државната власт, а со тоа и положбата на Владата како носител на извршната власт, која своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон.

Во однос на составот на Владата, член 89 став 1 од Уставот утврдува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Покрај употребата на терминот „министер”, во Уставот се користи и терминот „член на Владата”. Потребно е да се потенцира дека Уставот како највисок правен акт не ги исцрпува сите можни ситуации за органите на власта. Согласно на ова произлегува уставноста на надлежноста на Владата, која освен со Уставот, се утврдува и со закон.

Имено, со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Северна Македонија.

Тргнувајќи од уставната позиција на Владата, законодавецот во Законот за Владата на Република Македонија, покрај уредувањето на организацијата и начинот на работа на Владата (согласно член 89 став 6 од Уставот), со членот 1 ја уредува и надлежноста на Владата. Со ваквото дефинирање на надлежностите на Владата преку определување на надлежности опфатени во членот 8 од Законот за Влада, покрај надлежностите утврдени со Уставот, врши и други работи утврдени со закон. Со Законот за Владата на Република Македонија, како што напред е веќе наведено, се уредуваат правата и должностите на претседателот и членовите на Владата, при што во член 16 е уредено дека претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици, дека претседателот на Владата го заменува неговиот заменик и дека претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите права и должности, а во член 17 е уредено дека по овластување на претседателот на Владата, секој член на Владата може да ја претставува во Собранието и во работните тела на Собранието и да го застапува ставот на Владата.

Во однос на прашањето на организација на Владата, тргнувајќи од содржината на член 89 ставот 6 од Уставот, јасно произлегува дека организацијата на Владата се уредува со закон, што значи дека определбата на законодавецот не излегува надвор од уставните рамки, дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Врз тие основи, со одделни одредби од законот се упатува на поблиска детална разработка на одделни прашања, поими и термини. Понатаму одделни прашања се доуредуваат со деловник за работа.

Под деловник за работа се подразбира општ правен акт со кој се уредуваат прашања од организационо процедурален карактер во функција на подобро организирано вршење на работите на органот за кого се уредуваат тие прашања и истиот го донесува органот за кого се однесуваат тие прашања. Тргнувајќи од таквото поимање на деловникот, како и од уставниот основ за законско уредување на организацијата и работата на Владата, законодавецот оценил дека нема правна пречка со истиот закон да се утврди овластување на Владата да донесе Деловник за работа со кој поблиску ќе ја утврди внатрешната организација, начинот на работа и другите прашања од значење за работата на Влада. Основаноста на правото за уредување со Деловникот за работа, во конкретниот случај уредувањето на „Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите”, е во самиот Закон за Владата на Република Македонија и можноста со одделни одредби од истиот за операционализирање, прецизирање и детална разработка на одделни прашања. Во членот 11 точка 3-а од Законот за организација и работа на органите на државната управа е утврдено дека за вршење на функциите на државната управа се основа

Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, со кое согласно член 47 став 1 раководи министер.

Со член 1 од Деловникот за работа на Владата е уредено дека со овој деловник, во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со Законот за Владата на Република Македонија и други закони, поблиску се утврдува внатрешната организација и се уредува начинот на работа на Владата на Република Северна и на нејзините работни тела, како и други прашања од значење за работата на Владата. Оспорените одредби од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија не можат да се гледаат изолирано сами за себе, туку во контекст на целината на одредбите од Деловникот, кои ја разработуваат внатрешната организација и се уредува начинот на работа на Владата на Република Северна Македонија и на нејзините работни тела, други прашања од значење за работата на Владата, како и во контекст со Законот за Владата на Република Македонија.

Со оспорената измена и дополнување на Деловникот се врши разработување и прецизирање на надлежностите на првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и замениците на претседателот на Владата, при вршењето на правата и должностите на претседателот на Владата за кои ќе ги овласти. Оспорените измени на Деловникот во никој случај не предизвикуваат материјално-правна причина за неуставност и незаконитост и со истиот не се врши статусна промена на органите на државната власт.

Организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа се уредени со Законот за организација и работа на органите на државната управа, меѓу кои и Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, со кое раководи министер кој воедно е член на Владата.

Во самата Иницијатива подносителот наведува дека поради правна празнина Уставот не се произнесува за Деловникот за работа на Владата, односно не содржи директен основ за негово донесување, туку определува организацијата и работата на Владата да се уреди со закон. Во дополнување на овој навод, се потенцира дека Уставот исто така не содржи ниту забрана за донесување на таков акт-деловник (член 8 став 2).

Тргнувајќи од тоа дека организацијата и начинот на работата на Владата се уредени со Законот и дека поблиското уредување на прашањата од организационо процедурален карактер во функција на операционализација и подобро организирање на работата на органот е препуштено на Деловникот за работа, нема уставна пречка од донесување на тој акт, ниту за негово изменување и дополнување и покрај тоа што Уставот не содржи директен основ за негово донесување. Според тоа, овластувањето на Владата да донесе Деловник за својата работа, како и да носи измени и дополнувања, е во согласност со Уставот.

Целта на оспорените измени и дополнувања на Деловникот е преку првиот заменик на претседателот и замениците на претседателот да се зголеми ефикасноста во функционирањето на Владата, преку извршување на работите од надлежност на Владата по одделни прашања за кои ќе бидат овластени. Оспорените одредби со кои се утврдува оперативното работење на Владата не излегуваат надвор од уставно и законско утврдените рамки, а се во насока на доразработување на уставните и законските одредби и утврдување на начинот на работа на Владата.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените членови 1, 2 и 3 од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија бр.44-8017/1 од 3 септември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/2020), се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за Владата на Република Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членот 8 став 1 алинеи 3 и 4, членот 51, членот 68 став 1 алинеи 1 и 2, членот 88, член 89, членот 95, членот 96 и членот 129 од Уставот на Република Северна Македонија, како и член 5, член 16 и член 17 од Законот за Владата на Република Македонија.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените членови од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 95

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.22/2019 од 21 јануари 2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 96 став 3 точка 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2015, 39/2016 и 83/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Со Решение У.бр.22/2019 од 21 јануари 2021 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија донел одлука за поведување на постапка за оценување на установноста на член 96 став 3 точка 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2015, 39/2016 и 83/2018).

Уставниот суд на Република Северна Македонија во Решението У.бр.22/2019 од 21 јануари 2021 година образложува дека при оценување на уставноста на оспорениот дел од законската одредба основен критериум е постоењето на двата принципи на казнено-правниот однос утврдени во член 13 став 1 и член 14 став 1 од Уставот, а тоа се прво, дека казната може да се изрече само со судска одлука и второ, дека за извршено казниво дело на сторителот може да му се изрече казна што како таква е утврдена со закон или друг пропис. Со други зборови, тоа значи

дека согласно наведените уставни одредби казнено-правниот однос се исцрпува на релацијата казниво дело и судски изречената казна за сторителот и дека натамошни последици од неговото извршување односно од осудата на тоа дело кои се состојат во ограничување на правата на граѓаните не се допуштени, освен ако тоа не е изречно утврдено со Уставот, тврди Уставниот суд.

Тргнувајќи од содржината на наведените уставни одредби, а имајќи ја предвид содржината на оспорената одредба на член 96 став 3 точка 2 од Законот за комплементарна и алтернативна медицина, според која осудуваноста на граѓанинот за одделни кривични дела е ограничувачки фактор лицето да врши дејност на КАМ практичар, по сила на самиот закон, а не како последица од конкретна казна (забрана) што ја изрекол судот со правосилна судска одлука, според судот, со таквото ограничување се повредува уставниот принцип на претпоставена невиност и принципот на законитост во казнувањето и се ограничува правото на работа. Имено, правните последици од осудата не можат да настапуваат автоматски по сила на законот, туку дека тоа може да се прави само со правосилна судска одлука, односно дека казнено-правниот однос се исцрпува на релацијата на казнивото дело и судски изречена казна за неговиот сторител и дека натамошни последици од неговото извршување односно од осудата за тоа дело кои се состојат во ограничување на правата на граѓаните не се допуштени, освен ако тоа не е изречно утврдено со Уставот.

Во врска со Решението У.бр.22/2019 од 21 јануари 2021 година, потсетуваме дека со оспорениот член 96 став (3) од Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2015, 39/2016 и 83/2018), насловен „Рок на важење на лиценцата за работа и услови за издавање на прва лиценца за работа" е пропишано дека „Лицето кое сака да биде КАМ практичар треба да ги исполни условите утврдени со член 15 од овој закон, како и следните услови:
1) активно познавање на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и
2) да не е осудуван за кривично дело со казна затвор во траење подолго од шест месеци и
3) против лицето не е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на професија, дејност или должност.
(4) Кон барањето за издавање на лиценца за работа, лицето кое бара издавање на лиценца ги приложува следните докази:
1) доказ за исполнетост на условите од член 15 од овој закон и
2) уверение за активно познавање на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, издадена од надлежна институција.".

Владата на Република Северна Македонија останува на своите аргументи изнесени во дописот број под број 45-915/1 од 25.2.2019 год. (доставено во прилог на овој допис) и потсетува дека законски пропишаниот услов лицето кое сака да биде КАМ практичар да не е осудуван за кривично дело со казна затвор во траење подолго од шест месеци, не претставува натамошна последица од осудата за сторено кривично дело и дека не претставува ограничување на правата на граѓаните,

бидејќи овој услов е поврзан со природата на дејноста што ќе ја врши КАМ практичарот што директно се однесува на здравјето на луѓето.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не донесе одлука за укинување на член 96 став (3) точка 2. од Законот за комплементарна и алтернативна медицина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2015, 39/2016 и 83/2018).

**Точка 96**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63 за КО Коњско на КП бр.87 м.в Село со површина од 7771 м2 и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски, како и Известувањето од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 97**

Владата по Известувањето од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставено под И.бр.742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка, КП бр.3788/1, го усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 98**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 99**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 24 февруари 2021 година до 2 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа Барањето на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје за спроведување на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, под број 03-160/4 од 16 февруари 2021 година и притоа заклучи Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје и Македонската агенција за задолжителни нафтени резерви – МАКОРА да одржат координативен состанок за надминување на ова прашање согласно

постојните законски одредби, или пак, враќање на уплатениот износ за акциза и ДДВ за отстапените количини на нафтени деривати.

**3.** Владата по повод информирањето на д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, а во врска со постапката за склучување на договор меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за развој на интерконекцијата на пренос на природен гас, го задолжи Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-НЕР АД-Скопје во државна сопственост на наредната седница на Владата да достави информација за склучување договор меѓу Република Северна Македонија и Република Грција за развој на интерконекцијата на пренос на природен гас и на седницата на Владата да се определи потписник, кој во име на Владата на Република Северна Македонија ќе го потпише Договорот.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за превземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 27 февруари 2021 година до 5 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, што е доставен до Собранието на Република Северна Македонија, под бр. 44-12530/1 од 23 декември 2020 година.

**6.** Владата го разгледа Известувањето на Министерството за транспорт и врски во врска со проблемите со обезбедување на нафта еуродизел БС за потребите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., со цел изнаоѓање соодветно системско решение на проблемот, како материјал за информирање.

**7.** Владата ја разгледа Информацијата за изработка на нова единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди и ја усвои со заклучок во точката 3 од Одлуката за формирање на работна група за подготовка на методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди бр. 40-687/1 од 19.1.2021 година, рокот „од 60 дена", се заменува со рок „од 150 дена".

Согласно ова, Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави текст на Одлука за изменување на Одлуката за формирање на работна група за подготовка на методологија за процена на штети од елементарни непогоди и други непогоди на Владата на Република Северна Македонија.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**8.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за финансии по однос на Заклучокот од 47-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 февруари 2021 година, како материјал за информирање.

**9.** Владата по Информацијата за едукативна и информативна кампања од јавен интерес за заштита и за имунизација на населението од COVID - 19 заклучи:

1) Да се спроведе едукативна и информативна кампања од јавен интерес за заштита и за имунизација на населението од COVID - 19.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена, во координација со Министерството за здравство и со Секторот за односи со јавност да спроведе јавна набавка за избор на идејно и креативно решение и за реализација на кампањата.

**10.** Владата по Информацијата за едукативна и информативна кампања од јавен интерес за справување со корупцијата заклучи:

1) Да се спроведе Едукативна и информативна кампања од јавен интерес за справување со корупцијата.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена во координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и со Секторот за односи со јавност да спроведе јавна набавка за избор на идејно и креативно решение и за реализација на кампањата.

**11.** Владата за членови на Комисијата за разгледување на пријавите доставени од кандидати по огласот за именување на два члена на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, ги именува:

- академик Глигор Каневче,
- д-р Александар Дединец,
- Виктор Андонов,
- Славе Ивановски и
- Исмаиљ Љума.

**<u>Точка 100</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, за период октомври - декември 2020 година со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јануари 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 – Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот од одржаниот Осумнаесетти состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 17 декември 2020 година во Тиват, Црна Гора, како материјал за информирање.
Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 104**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Преглед на статусот на имплементацијата на Глобалниот договор за миграции (ГКМ) во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено потребно е да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 105**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-листата за дополнување на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти и даде согласност на Листата.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерство за образование и наука и ја донесе Одлуката за давање на право на

трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерство за образование и наука, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предмет пред Европскиот суд за човекови права Атанасов А. бр. 11331/18 против Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Атанасов А.бр. 11331/18 против Северна Македонија.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантот ќе му исплати износ од 12.550 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантот во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Атанасов А.бр. 11331/18 против Северна Македонија, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација, да ја признае повредата на Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот Горјан Атанасов да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 108**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за труд и социјална политика за наредната седница поради потребата претходно предлагачот во соработка со АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, доколку се согласи Акционерското друштво и истото нема потреба од стопанисување со тој простор, да предложат одлука за изземање на Акционерско друштво од трајно користење на недвижните ствари.

## Точка 109

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбата со аерозагадувањето и потребата од продолжување на процесот на замена на нееколошки горива во јавните објекти во Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на единиците на локална самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од државата, односно од единиците на локалната самоуправа, да ги ажурираат податоците за сите јавни објекти под нивна надлежност/на нивната територија по име, локација, координати, дејност, вид на гориво и годишна потрошувачка и податоците секоја година по завршувањето на грејната сезона, односно до 30 јуни, да ги достават до Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, да направат приоретизација за замена на горивата во јавните објекти под нивна надлежност земајќи го предвид капацитетот на системот за греење и видот на горивото, а со предност на објектите кои се наоѓаат во утврдените најзагадени градови (Скопје, Битола, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Тетово и Струмица), да подготват соодветна документација и да ја разгледаат можноста за обезбедување финансиски средства во рамките на своите буџетски средства за оваа намена и за истото да го информираат Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 60 дена.

3. Се препорачува на единиците на локална самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од државата, односно од единиците на локалната самоуправа, да направат приоретизација за замена на горивата во јавните објекти на нивната територија (земајќи го предвид капацитетот на системот за греење, видот на горивото, како и состојбата на терен), да подготват соодветна документација и да ја разгледаат можноста за обезбедување финансиски средства во рамките на своите буџетски средства за оваа намена и за истото да го информираат Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 60 дена.

4. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на единиците на локална самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од државата, односно од единиците на локалната самоуправа, квартално да го информираат Министерството за животна средина и просторно планирање за промените на системите за греење кои ги користат во јавните објекти во нивна надлежност/на нивна територија.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање по добивање на информациите наведени во заклучоците 1, 2, 3 и 4 до Владата да достави Информација во која ќе се прецизира износот на финансиски средства

потребни за замена на нееколошките системи за греење во единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и други правни лица основани од државата, односно единици на локална самоуправа, изворите на средства и динамиката на реализација.

## Точка 110

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реструктуирање на Проектот за итно справување со КОВИД-19 во Република Северна Македонија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од реструктуирање на Проектот за итно справување со КОВИД-19 во Република Северна Македонија со заклучок Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство да го усогласат со Министерството за финансии делот Табела на трошковни категории во Договорот за заем, согласно расправата на седницата на Владата и укажувањето на претставникот на Министерството за финансии.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство да достават барање до Министерството за финансии со детално образложение за потребата од реструктуирање на заемот кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со КОВИД-19.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство, по добивање на барањето со деталното образложение согласно Заклучокот бр.2, да подготви и достави допис до Светска банка по однос на потребата од реструктуирање на Проектот за итно справување со КОВИД-19.

## Точка 111

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Република Косово, во предложениот текст.

## Точка 112

Владата ја разгледа Информацијата за површините од ловиштата и површините од шума и шумско земјиште кои се преклопуваат со дефинираните граници на Армискиот полигон Криволак и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство да изврши увид на лице место за утврдување на потребата од изменување и дополнување на посебните ловностопански основи за ловиштата: Ловиште бр.8 „Црешка“ - Штип,

Ловиште бр.7 „Драгоево“ - Штип, Ловиште бр.2 „Конечко“ - Штип, Ловиште бр.8 „Ногаевци“ - Велес и Ловиште бр.8 „Пештерница“ - Неготино.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје да изработи изменување и дополнување на посебните ловностопански основи за ловиштата Ловиште бр.8 „Црешка“ - Штип, Ловиште бр.7 „Драгоево“ - Штип, Ловиште бр.2 „Конечко“ – Штип, Ловиште бр.8 „Ногаевци“ - Велес и Ловиште бр.8 „Пештерница“ - Неготино.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да донесе изменување и дополнување на посебните ловностопански основи за ловиштата: Ловиште бр.8 „Црешка“ - Штип, Ловиште бр.7 „Драгоево“ - Штип, Ловиште бр.2 „Конечко“ - Штип, Ловиште бр.8 „Ногаевци“ - Велес и Ловиште бр.8 „Пештерница“ - Неготино.

4. Да се укине корисничкото право на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, за површината на земјиштето кое се преклопува со дефинираните граници на Армискиот полигон Криволак и да се даде на користење на Министерството за одбрана, во соодветна постапка, а стопанисувањето со шумата и шумското земјиште да се уреди со договор помеѓу Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје и Министерството за одбрана.

5. Се задолжува Министерството за одбрана за наредната седница на Владата да достави Предлог-одлука за определување на шума со посебна намена на површините од шумско стопанските единици кои се преклопуваат со дефинираните граници на Армискиот полигон Криволак.

## Точка 113

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија и условно ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, доколку Агенцијата за катастар на недвижности достави позитивно мислење по истата.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:10 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев